**Друштво за осигурување**
**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ПЧЕЛИ

Ознака: ПУС-жив-пчели 04.24
Број: 1101-21/06/04
Датум на примена: 09.04.2024

**ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 1**

[1] Предмет на осигурување по овие Посебни услови може да бидат здрави пчели (пчелни семејства), кошниците, како и медот во медиштето, кои му припаѓаат на пчелното семејство.
[2] Осигуреникот е должен да ги осигури сите пчелни семејства, кошници и нивната содржина (медот) кои ги поседува и кои се способни за осигурување.
[3] Не може да се осигурат:
1) пчели на кои не им се посветува доволно внимание во поглед на нега и исхрана, како и пчелни семејства вселени во слаби кошници со слаби сотови и кошници со неподвижни сотови (плетарки-улишта);
2) пчели за време на зимско мирување, и тоа од денот на зазимување, 15.10. во годината, до 15.04. наредната година.
[4] Според овие Посебни услови, залихата на храна во медиштето не е предмет на осигурување.
[5] Осигурувањето на пчелите се склучува на траење од една година.

**ОПФАТЕНИ ОПАСНОСТИ СО ОВА ОСИГУРУВАЊЕ И ИСКЛУЧОЦИ**
**Член 2**

[1] Осигурувачот има обврска да ја надомести штетата која ќе настане под нормални услови на одгледување на пчели, и тоа од следните опасности:
1) пцовисување или уништување на осигурените пчели поради болест или несреќен случај;
2) уништување на кошниците и нивната содржина поради несреќен случај или елементарни непогоди (пожар, гром, луња, поплава или снежна лавина);
3) транспорт на пчели на паша (согласно член 4 од овие Посебни услови).
[2] Со ова осигурување не се опфатени опасностите кои настануваат поради:
1) губење на матицата, пчелниот рој и грабеж кај пчелите;
2) кражба или губење на пчелите и содржината во кошниците;
3) недостаток на залиха на храна (глад), последиците од нив, како и непосредните последици;
4) лош или злонамерен однос спрема пчелите од страна на осигуреникот или лицето на кое му се доверени работите и грижата за пчелите;
5) заразни и паразитски болести кои се сузбиваат со закон;
6) доколку пред транспорт на пчелите не бил издвоен медот во медиштето и поради тоа настанала штета.
[3] Ако е одделно договорено и ако е платена дополнителна премија, осигурувањето ги покрива и делумните штети кои настанале поради хемиски препарати што се користат во земјоделството за уништување на штетниците и плевелот.

**СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 3**

[1] Сумата на осигурување:
1) за пчелното семејство е еднаква на цената на пчелното семејство во месец мај;
2) за кошниците е еднаква на цената на кошниците на денот на склучување на осигурувањето;

3) за медот во медиштето е еднаква на просечната откупна цена на големо на медот до тежина од 10 килограми.

**МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 4**

[1] Осигурувањето важи додека осигурените пчели се во местото кое е наведено во полисата, како и за време на превозот при селидба од паша до паша под следните услови:

1) при превозот да е обезбедено добро проветрување во кошниците;
2) при превозот пчелите да ги придружува стручно лице.

[2] За времетраењето на карантинот, осигуреникот е должен на осигурените животни да ги изврши сите потребни и пропишани ветеринарно-санитарни мерки на свој трошок, доколку не е поинаку договорено.

**УТВРДУВАЊЕ И ПРЕСМЕТКА НА ШТЕТА**
**Член 5**

[1] Настанатата штета на самото место на настанот ја утврдуваат и проценуваат осигурувачот, ветеринарот и сопственикот на пчелните семејства.
[2] При смрт на пчелно семејство, настанатата штета се пресметува според сумата на осигурување на пчелното семејство. При оштетување или уништување на кошница и нејзината содржина, настанатата штета се пресметува според нивната сума на осигурување намалена за вредноста на употребливите остатоци. Штетата на медот во медиштето се пресметува врз основа на утврдените количества на мед неупотреблив за човечка исхрана, но најмногу до тежина од 10 килограми, намалено за вредноста на употребливите остатоци за исхрана на пчелите.
Ако пчелите со содржината се осигурени од наведените опасности со друг вид осигурување, надоместокот на штетата се пресметува според тоа осигурување, а од осигурувањата според овие Посебни услови до фактичката вредност, но најмногу до сумата на осигурување.
Штетата се пресметува одделно за:

1) пчелното семејство;
2) кошницата и
3) медот.

[3] Ако е одделно договорено и ако е платена дополнителна премија, осигурувањето ги покрива и делумните штети кои настанале поради хемиски препарати што се користат во земјоделството за уништување на штетниците и плевелот. Во тој случај настанатата штета се пресметува процентуално во зависност од утврдената штета кај пчелното семејство, но најмногу до 50% од сумата на осигурување договорена за пчелното семејство.
[4] Ако се утврди дека осигуреникот на денот на штетата имал повеќе кошници со пчели од осигурените, отштетата ќе се пресмета во соодност меѓу бројот на осигурените и бројот на утврдените кошници.

**ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ**
**Член 6**

[1] Обврската на осигурувачот за надомест на штетата почнува во 24:00 часот на 14-тиот ден од склучување на договорот за осигурување (каренца), за штети од болест, а за штети поради

несреќен случај, во 24:00 часот на денот означен во полисата како почеток на осигурувањето.
Обврската на осигурувачот престанува при предавање на пчелите со содржината на кошницата и преземање од страна на купувач или во 24:00 часот од денот означен во полисата како истек на осигурувањето.

**ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЖИВОТНИ**
**Член 7**

[1] За осигурувања склучени по овие Посебни услови се применуваат и одредбите од Општите услови за осигурување животни, ако не се во спротивност со нив.

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Надзорниот одбор на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје утврдено со Одлука бр.0203-04/13 од 03.03.2023 година и Одлука на Управниот одбор бр. 0202-21/06 од 09.04.2024 година и ќе се применуваат од 09.04.2024 година.